РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ

Арх. бр. 02-3838/1
14.12.2018 година
Скопје

Врз основа на член 36 од Законот за работни односи (Службен весник на Р.М. бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и член 120 од Законот за високото образование (Службен весник на Р.М. бр 82/2018), Деканатската управа на своја 8 - редовна седница одржана на ден 12.12.2018 година ја донесе следнава

# О Д Л У К А

за забрана за конкурентско дејствување и оневозможување на злоупотреба на стекнатите знаења со занемарување на обврските од работното место

## ВОВЕД

Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј е високообразовна установа која со години инвестира и вложува во својот вработен наставно-научен и соработнички кадар и во вработениот кадар на Стручната и административна служба преку овозможување стручна надоградба на теоретски и практични знаења во струките со цел придонес развој и унапредување во начинот на работење и извршување на редовните работни обврски.

## ПРЕДМЕТ НА УРЕДУВАЊЕ

член 1

Со оваа Одлука се уредува начинот на спроведување на постапка за добивање согласност или доставување на известување за реализација на ангажмани на вработените во Универзитет ,,Св.Кирил и Методиј” Стоматолошки факултет – Скопје надвор од своето работно место и време, а еднакви по вид со работните обврски и задачи на работното место.

член 2

Со оваа Одлука се забранува без согласност или доставено известување до надлежен орган кај работодавачот за времетраењето на работниот однос за своја или туѓа сметка вработениот да врши или склучува работа или реализира ангажмани кои спаѓаат во дејноста на работодавачот и значат или би можеле да значат конкуренција или создавање на идна конкуренција или значат запоставување на обврските од работното место заради реализација на други ангажмани за надомест надвор од работното место, односно оневозможување работникот стекнатите знаења, релации и деловни односи да ги користи за своја материјална корист, а притоа да ги занемарува редовните обврски од работно место.

## НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ ЗА ИЗДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ИЛИ ЗА ПРИЕМ НА ИЗВЕСТУВАЊА ЗА АНГАЖМАНИ НАДВОР ОД РАБОТНОТО МЕСТО

член 3

Согласноста за реализација на ангажмани еднакви по вид со работните задачи и обврски на работното место ја дава декан/деканатска управа/Наставно-научен совет на Факултетот во зависност од содржината на поднесеното барање.

Известување за реализација на ангажмани еднакви по вид со работните задачи и обврски на работното место се доставува преку архивата до продеканот за наука на Факултетот во зависност од содржината на поднесеното барање.

## ПОСТАПКА ЗА И РОКОВИ ЗА ИЗДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ

член 4

Постапката за добивање согласност започнува со поднесување барање од страна на вработениот во архивата на Факултетот кој бара согласност за реализација на ангажманот надвор од работното место. Барањето се поднесува со соодветни докази во прилог на наводите од барањето. Надлежниот орган на Факултетот е должен да одлучи по барањето за давање согласност на наредната закажана седница, а деканот е должен да одлучи во рок од 3 дена од денот на поднесување на барањето. Основите на барањата се наведени во член 5 од оваа Одлука.

Известување за ангажман надвор од работното место во случај на активно учество на едукативни настани (научни и стручни собири) со постер, усмена презентација или пленарно предавање во и надвор од земјата се доставува до продеканот за наука преку архивата на Факултетот. Известувањата ќе се користат во интерес и за потребите на Факултетот пр. за статистички извештаи, ивештаи за самоевалуација и сл. Решение за платено отсуството на вработениот донесува деканот, но не повеќе од три работни дена.

## ОСНОВИ НА БАРАЊАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА наставно-научниот, научниот и соработничкиот кадар вработен на Факултетот

член 5

Надлежниот орган на Факултетот дава согласност за поднесени барања на наставно-научниот, научниот и соработничкиот кадар вработен на Факултетот кои се однесуваат на:

поднесување на пријава на конкурси за распределба на средства за учество на домашни научни истражувачи на меѓународни научни собири или за објавен труд во меѓународно научно списание согласноста ја дава деканот. Согласноста се издава пред учеството на меѓународниот научен собир во странство. Деканот потпишува пријава за наведените конкурси доколку заедно со пријавата е поднесена соодветна документација како доказ за наведените информации во пријавата. Деканот за учество на едукативни настани дава согласност и донесува решение за платено отсуство на вработениот доколку со барањето се поднесени релевантни докази за учество на научен и стручен собир, но не повеќе од три работни дена.

-учество во настава на други Универзитети или Факултети (поканети предавачи, визитинг наставници). За овој вид на ангажман согласност дава Наставно-научниот совет водејќи сметка за почитување на позитивните прописи кои ја регулираат оваа материја и актите на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј во Скопје.

-учество во домашни или меѓународни проекти. За овој ангажман согласност дава Деканатската управа.

-учество или соработка во создавање – изработување на нови студиски програми за прв, втор или трет циклус на образование или специјализации за други стоматолошки факултети од земјата или странство, за научни интитути од земјата или странство или за било кој друг субјект кој во иднина има намера да се регистрира за вршење научна, високообразовна, образовна или применувачка стоматолошка дејност. Во овој случај влегува и давање изјава или согласност за учество во настава согласно проект за основање на студиска програма за кој треба да се спроведе постапка за акредитација. За овој вид на ангажман согласнот дава Наставно-научниот совет.

-било каков друг ангажман поврзан со вршење на високообразовна, научна и применувачка дејност во јавни или приватни субјекти. За овие барања по проценка на декан, доколку не одлучи самиот ја запознава или деканатската управа или Наставно-научнот совет кои треба да одлучат за давање на согласноста.

**ОСНОВИ НА БАРАЊАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА вработените во Стручната и административна служба на Факултетот**

член 6

Деканот на Факултетот дава согласност за поднесени барања од вработени во Стручната и административна служба на Факултетот кои се однесуваат на:

-извршување на ангажмани врз основа на стекнати лиценци, уверенија и други документи издадени од надлежни органи за соодветната работа,

-сите видови ангажмани еднакви по вид со работните задачи и обврски на соодветното работно место заради усогласување со редовните тековни обвски. Во случај Факултетот да инвестирал во надградба на знаења на вработениот во барањето треба да се наведе овозможената едукација.

**ЗАДОЛЖИТЕНОСТ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ**

Член 7

Барањата за издавање согласност за реализација на ангажман надвор од работното место од член 5 на оваа одлука како и известувањата од член 3 став 2, односно член 4 став 2 од оваа одлука се поднесуваат задолжително.

Член 8

Вработениот наставно-научен, научен и соработнички кадар вработен на Факултетот, како и вработените во Стручната и административна служба не треба да поднесуваат барања за добивање согласност доколку ангажманите надвор од работодавачот се однесуваат на работи кои немаат никаква поврзаност со видот на редоните работни обврски и задачи на работното место.

Член 9

Доколку вработениот реализира ангажман без известување и добиена согласност од работодавачот согласно оваа одлука ќе ги сноси сите последици согласно Законот за работни односи.

**ОБЈЕКТИВНОСТ И ПРИНЦИПИЕЛНОСТ при одлучување за поднесени барања**

Член 10

Кога надлежните органи на Фаултетот одлучуваа за барање за издавање на согласност особено треба да земат во предвид:

-создавање на услови за промоција, претставување и развој на Факултетот,

-оневозможување на конкурентско делување,

-оневозможување злоупотреба на стекнатите знаења од работниот однос за реализација на ангажмани надвор од работното место со занемарување и неажурност спрема редовните работни обврски,

-други фактори кои објективно влијаат врз правично одлучување.

Надлежните органи не можат без издржано образложение да одбијат поднесено барање за реализација на ангажман.

Член 11

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзино донесување.

ДЕКАН

Проф. д-р Ќиро Ивановски